**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на политичкиот контекст на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Политички контекст на проблемите**
2. **Опис на целите што ќе се остварат со донесување на законот**

Основната цел на овој проект е намалување на сиромаштијата на ранливите групи преку условување на постоечките парични надоместоци со одредено однесување, како што е посета на средно образование. Исто така, преку поддршката на зајакнувањето на ефективноста и на ефикасноста на мрежата за социјална заштита и збогатувањето на врските на човечкиот капитал со паричната помош, проектот ќе придонесе за остварување на највисоките цели на Владата на Република Македонија за намалување на сиромаштијата и за збогатување на човечкиот капитал со што долгорочно ќе го намали меѓугенерацискиот пренос на сиромаштијата. Проектот ќе ја поддржи посветеноста на земјата кон забрзувањето на постигнувањето на Милениумските развојни цели до 2015 година со обезбедување условени парични надоместоци, преку: (1) промовирање на запишувањето, присуството и завршувањето на средното образование на сите деца кои живеат во Република Македонија и (2) создавање високо квалитетен човечки капитал кој ќе биде способен да постигне одржлив економски развој што ќе им користи и на сегашните и на идните генерации.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

Донесување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери, со цел пристапување кон потпишување на Договорот за заем и отпочнување со имплементација на предвидените активности.

4. **Оценка на ефектите од постигнатите резултати**

Со донесувањето на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери, ќе се овозможи воведувањето на условени парични трансфери и подобрување во администрацијата, надзорот, следењето и оценувањето на трансферите на социјална помош. Со средствата од заемот ќе се овозможи намалување на сиромаштијата на ранливите групи преку условување на постоечките парични надоместоци со одредено однесување, како што е посета на средно образование

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Донесување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери

**Опис:** Износот на заемот е 19.3 милиони ЕВРА кои се предвидени да се повлечат во период од 5 години од потпишувањето на Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери

1. Трошоци и фискални импликации

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Фискални импликации** | Тековна година | Втора година | Трета година | Четврта година |
| **А)** Вкупни трошоци за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 162.243 | 162.243 | 180.270 | 180.270 |
| **Б)** Одобрени средства за предложеното решение (опција)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| **В)** Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| **Г)** Расположливи средства од прелевање (од<br>други активности или програми во министерството)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| **Д)** Нето импликации на средствата на министерството (В-Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| **Ѓ)** Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| **Е)** Дополнителни извори на финансирање или | | | | |

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Фискални импликации** | Тековна година | Втора година | Трета година | Четврта година |
| споделување на трошоците | | | | |

| | (Во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Преглед на трошоци** | Тековна година | Втора година | Трета година | Четврта година |
| Иницијални трошоци за министерството | | | | |
| Иницијални трошоци за трети страни (повлекувања на средства од заемот) | 162.243 | 162.243 | 180.270 | 180.270 |
| Трошоци на деловните субјекти за човечки ресурси | | | | |
| Останати трошоци на деловните субјекти | | | | |
| Трошоци на потрошувачите | | | | |

## 2. Придобивки

| **Годишни финансиски придобивки** | (Во илјади денари) |
|---|---|
| **А)** Еднократни (на почетокот при донесувањето на решението) | 0 |
| **Б)** Просечни годишни придобивки (без еднократните) | 220.000 |
| Вкупен финансиски износ на придобивките (А+Б) | 220.000 |

Опис и опсег на клучните финансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Во рамките на вкупните финансиски придобивки кои на годишно ниво се предвидува да изнесуваат 220.000 денари кои се наменети за помош на социјално ранливите групи.

Други клучни нефинансиски придобивки за „клучните засегнати страни“

Една од најважните нефинансиски придобивки е намалување на сиромаштијата на ранливите групи преку условување на постоечките парични надоместоци со одредено однесување, како што е посета на средно образование.

## 3. Ризици и претпоставки

Ризик од ненавремена отплата на заемот.

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | **ДА** / НЕ | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз животната средина | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / **НЕ** | ДА / **НЕ** |

5. **Резиме на трошоци, придобивки и влијанија за оваа опција**

Една од најважните нефинансиски придобивки е намалување на сиромаштијата на ранливите групи преку условување на постоечките парични надоместоци со одредено однесување, како што е посета на средно образование. Преку давањето на овие парични надоместоци ќе се зголеми нивната вклученост во образовниот процес со што ќе се подигне нивното интелектуално ниво кое ќе придонесе до зголемување на можноста за наоѓање на подобри работни места.

**Чекор 3: Консултации**

Во текот на подготовката на проектот извршени се консултации со повеќе релевантни институции како што се: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања.

**Чекор 4: Спроведување на предложеното решение и негово правно усогласување**

Овој проект ќе се спроведува преку меѓусебна координација на повеќе тела секое одговорно за одредена проектна активност и тоа:

а. Министерството за труд и социјална политика под надзор на заменик претседателот на Владата на Република Македонија за економски прашања ќе биде одговорно за спроведувањето на проектот.

б. Меѓуминистерскиот совет за условени парични трансфери ќе биде одговорен за стратешките одлуки на проектот.

в. Работната група за условени парични трансфери ќе биде одговорна за обезбедување на техничко насочување и поддршка, со цел да се осигура ефикасно спроведување на проектот.

г. Проектната единица под раководство на директорот на проектот, ќе биде одговорна за секојдневното управување (вклучувајќи ги и аранжманите за набавки, плаќања, финансиско управување и поднесување на извештаи), исплата на грантови, координација, следење и евалуација на проектот.

д. Единицата за спроведување на условените парични трансфери во рамките на Министерството за труд и социјална политика, ќе обезбеди координација и спроведување на образовните програми на условени парични трансфери, вклучувајќи утврдување на подобноста и изборот на корисниците на условени парични трансфери, механизми за надзор и контрола и систем за поплаки и управување со предмети.

ѓ. На локално ниво, Центрите за социјална работа ќе бидат одговорни за спроведување на образовната програма на условени парични трансфери.

**Чекор 5: Проверка / рецензија на решението-Нема**

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Министерство: | Министерство за финансии | | |
| Лице за контакт: | Д-р Трајко Славески | | |
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери | | |
| Верзија: | | Датум: | |
| Поврзани материјали / документи: | Договор за заем и Документ за оценка на проектот | | |

**1. Предлог текст за заклучок на Владата на Република Македонија:**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем по Проектот за условени парични трансфери, по скратена постапка и го утврди со заклучок текстот на Законот да се достави до Собранието на Република Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Трајко Славески, министер за финансии и Недим Рамизи, заменик министерот за финансии, а за повереници м-р Маја Парнарџиева Змејкова, државен советник, Министерството за финансии и Сузана Пенева, раководител на Сектор во Министерството за финансии.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на предлогот за донесување на закон и негово усогласување:**

Наташа Лазаровска, Помлад соработник, Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии и

Кристина Павловска, Помошник раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлогот за донесување на закон во Собранието на Република**

**Македонија:**

Сузана Пенева, раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии и

м-р Маја Парнарџиева Змејкова, државен советник, Министерство за финансии.

**4. Текстот на предлогот за донесување на закон и проценката на влијанија на регулативата смее да се објави во Единствениот електронски регистар на прописи:** ДА

**5. Објаснување на причините доколку се бара донесување на законот по итна постапка:** Предлогот на закон се предлага да се донесе по скратена постапка.

**6. Краток осврт на предложениот материјал:** Нема затоа што текстот на Предлогот на законот не е подолг од 5 страници.

1. **Резиме на можни решенија/опции и нивни клучни влијанија:**

| | **Опција 1** | **Опција 2** | **Опција 3** |
|---|---|---|---|
| Трошоци<br>- Фискални импликации<br>- Други трошоци | | | |
| Придобивки | | | |
| Останати влијанија | | | |

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 | | **Има** / Нема **влијание** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 30.000.000 денари во тековната и 100.000.000 денари во наредните 3 години. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| | | Има / **Нема влијание** | врз животната средина. |
| | | **Има** / Нема **влијание** | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | **ДА** / НЕ |
| | | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | **ДА**/НЕ |
| | | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | **ДА**/НЕ |
| 10. | | Спроведени се меѓуресорски консултации. | **ДА**/НЕ |
| | | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | ДА/**НЕ** |
| 12. | | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | ДА/**НЕ** |

**Изјава од министерот**

Јас, Трајко Славески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум: